A-PDF Image To PDF Demo. Purchase from www.A-PDF.com to remove the watermark

Врз основа на член 17 став (2) од Закон за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија“бр.10/2020),член 18- а, б, в, г на Статутот на Општина Зрновци („Службен гласник на Општина Зрновци“ бр.51/2021),Иницијативниот одбор во соработка со Општина Зрновци на ден 09.02.2024 година објавува

# ЈАВЕН ПОВИК
за номинирање на претставници од формите на организирање и здружување на младите за формирање на **Локално Собрание за млади**

I. **Опис на јавниот повик:** Иницијативниот одбор за формирање на младински совет при Општина Зрновци распишува Јавен повик за членство во Локално Собрание на млади на Општина Зрновци.

II. **Право на учество:** Јавниот повик е упатен до формите на организирање и здружување кои ги предвидува Законот за младинско учество и младински политики, а тоа се: **младинските организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување,** кои не мора да бидат регистрирани во општината, но мора да имаат активности на територијата на општина Зрновци.

III. **Цел на овој повик:** младинските организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување да поднесат пријава до Општина Зрновци со која ќе номинират свои членови ( делегат и заменик делегат), заради спроведување на постапката утврдена со Законот за младинско учество и младински политики за формирање на Локален младински совет на Општина Зрновци.
Номинираните членови за локално собрание на млади треба да се жители на општина Зрновци и да се на возраст од 15-29 години

IV. **Задача на Локалното Собрание за млади:** Собранието на млади објавува јавен повик за членови на локален младински совет, и ги избира членовите на младинскиот совет по пат на непосредни избори со тајно гласање во кое право на глас имаат делегатите од локалното собрание на млади.

V. **Потребни документи:** Младинските организации заинтересирани да аплицираат треба да ги достават и следните документи:

1. Пријава за номинација на делегат и заменик делегат поднесена од младинска организација (*Образец во прилог*)
2. Портфолио на организацијата/групата/здружението
3. Извештај за работата на младинската организација / здружението за 2023 година или друг документ во кои се наведени реализирани активности со млади, младински политки и иницијативи на подрачјето на општина Кочани,
4. Кратко мотивациско писмо од страна на номинираниот член и кратка биографија.
5. Изјава за согласност за користење на лични податоци (*Образец во прилог*) и
6. Изјава за согласност од номинираните лица за прифаќање на номинацијата (*Образец во прилог*)

**НАПОМЕНА:** Организациите кои се дел од иницијативниот одбор,односно имаат нивни претставници, документи наведени под број 2,3 и 4 (портфолио на организацијата, извештај за работата и мотивационо писмо) не е потребно повторно да ги доставуваат.

VI. **Начин на поднесување на документите, рок и место:**

Сите заинтересирани младински организации или други младински структури кои ги исполнуваат условите и критериумите наведени во овој Повик, можат да поднесат Пријава заноминација на свои претставници со потребната документација во еден примерок (потпишана од одговорното лице на организацијата), **секој работен ден од 08:00-16:00 часот до крајниот рок за поднесување на пријави**:

- Во канцеларија на Архива при Општина Зрновци на ул.„Илинденска“ бб Зрновци 2305,
- по пошта на наведената адреса на Општина Зрновци или
- целокупната документација да ја скенират и достават на мејл: info@zrnovci.gov.mk.

Писмената документацијата се поднесува во затворен плик означен со ознака: „За јавен повик за формирање наЛокално собрание за млади“, ако се поднесува по електронски пат се опишува предметот на поракaта: „За јавен повик за формирање на Локално собрание за млади“

VII. **Период на траење на јавниот повик:** Јавниот повик трае 10 (десет) дена од денот на објавувањето на веб страната на Општина Зрновци, односно до 19.02.2024 година.

VIII. **Краен рок за поднесување на пријави:** Крајниот рок за поднесување на пријави е **19.02.2024 година до 16 часот.**

IX. **Постапка за разгледување на поднесените пријави:** Поднесените пријави ќе ги разгледа Иницијативниот одбор и ќе ја утврди валидноста и прифатливоста на поднесената документација.

X. **Дополнителни информации:** Дополнителни информации може да добиете на тел.033/353-105, 078/401 969, blagojdanev@yahoo.com лице за контакт Благој Данев.

08.02.2024 година
Зрновци

**ИНИЦИЈАТИВЕН ОДБОР**

Моника Коцева
Илина Цветкова
Марија Радева
Сашко Јакимов
Ѓорѓи Саканарски